# АДИНГПОКС АКВА МАЛТЕР

*Епокси-цементен репаратурен малтер на водена основа наменет за репарација и површинска заштита на бетон;*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингпокс Аква Малтер претставува трокомпонентен епокси-цементен малтер на водена основа за репарација и површинска заштита на бетон и АБ конструкции.

Адингпокс Аква Малтер се употребува за:

- Конструктивна санација на бетонски конструкции според EN 1504-3;
- Репарација на нерамнини од 2 mm до 20 mm на хоризонтални и вертикални бетонски површини; како и површини со неправилна форма (куполи, калоти во тунели);
- Зголемување на физичко-механичката отпорност на бетонот;
- Заштита на АБ конструкции од карбонизација и атмосферски влијанија;

## СВОЈСТВА

- Високи јакосни карактеристики
- Висока отпорност на абење
- Овозможува заштита на бетонот од продори и карбонизација;
- Водонепропусен;
- УВ стабилен;
- Пропустлив на водена пареа;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| | | |
|---|---|---|
| Изглед | | |
| А компонента | | визкозна течност |
| Б компонента | | вискозна течност |
| Ц компонента | | сива прашкаста смеса |
| Однос на мешање | | А:Б:Ц = 0,5:0,75:25 |
| Густина (А+Б+Ц) | EN 12190 | 1,9-2,1 g/cm$^3$ |
| Време на обработливост (pot-life) на температура од 20°C | EN ISO 9514 | 100 min |
| Максимална големина на зрно | - | 2 mm |
| Јакост на атхезија со pull-off тест | EN 1542 | ≥ 2 N/mm² |
| Јакост на притисок | | |
| на 7 дена | EN 12190 | ≥ 45 N/mm² |
| на 28 дена | EN 12190 | ≥ 50 N/mm² |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

## 1. ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Бетонската подлога на која се врши апликација на Адингпокс Аква Малтер треба да биде чиста, обезмастена и обеспрашена, со отстранети лабилни делови. Цементното млеко и траги од боја или масло треба да се отстранат по механички пат, или со примена на хемиски средства за чистење. Амбиенталната температура како и температурата на подлогата при апликацијата треба да биде помеѓу 10˚C и 30˚C. При санација на стари оштетени армирано бетонски елементи, видливата арматура и анкери треба да се исчистат од корозија, остатоци на боја и масло (со челична четка или пескарење). Со цел да се постигне подобра атхезија, препорачливо е пред апликација на Адингпокс Аква Малтер на подлогата да се нанесе Адингпокс Аква Прајмер.



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Прајмерирањето и репарацијата е препорачливо да се изведат по најмалку 7 дена од вградувањето на бетонот со цел да се избегне појава на пукнатини како последица на почетното собирање на бетонот. Во случај на апликација на Адингпокс Аква Малтер без претходна употреба на прајмер потребно е бетонската подлога да биде навлажнета со вода, со цел да се спречи пребрзо сушење на малтерот и појава на дефекти.

## 2. ВГРАДУВАЊЕ

Пред вградувањето потребно е компонентите А и Б посебно да се промешаат. Потоа Б компонентата постепено се додава во А компонента и се меша со бавен електричен мешач (300 до 500 вртежи/min) до потполна хомогенизација, а потоа се додава 3,0-3,5 kg вода. На хомогенизираната смеса постепено се додава Ц компонентата и се продолжува со мешање до целосно хомогенизирање на материјалот.
Нанесувањето на смесата се врши рачно со шпакла, мистрија и метална глетарка во слоеви од 2 mm до 20 mm.

## 3. УСЛОВИ И ОГРАНИЧУВАЊА ПРИ АПЛИКАЦИЈАТА

Адингпокс Аква Малтер се нанесува на подлоги прајмерирани со Адингпокс Аква Прајмер или директно на бетонски подлоги, навлажнети со вода непосредно пред апликацијата. Температурата на подлогата и амбиенталната температура во текот на апликацијата и 24 часа по апликацијата треба да бидат во границите од 10°C до 30°C, а релативната влажност на воздухот помала од 70%. Во тој период, аплицираниот материјал треба да биде заштитен од директна изложеност на сонце и ветер.
При нанесување во затворени простории, потребно е да се обезбеди добра вентилација за да се отстрани вишокот на влага од просторијата.

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој со дебелина од 10 mm потрошувачката на (А+Б+Ц) изнесува приближно 19-21 kg/m².

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сетови А+Б+Ц: 26,25 kg
А компонента: 0,50 kg
Б компонента: 0,75 kg
Ц компонента: 25 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-30°C, заштитен од директно сонце. Рок на употреба: 9 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на компонентите. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или со чиста вода, а потоа местото добро да се измие со сапун и вода. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Производот не е запалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс Аква Малтер се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.




АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk